**РЦЗ ДЕЛЧЕВО**

**Опис на задача (ТОР)**

**За Експерт за спроведување на дводневна обука:**

Спроведување на дводневна обука на тема **„Биодиверзитет, зачувување на автохтони семиња и урбано градинарство** “ во рамки на проектот „Зелен Баланс – Локални акции за здрави средини“ имплементиран од страна на Регионален Центар за застапување Делчево.

**Име на позицијата:** Експерт за дводневна обука

**Цел:** Подготовка и спроведување на една дводневна работилница на група од 20 учесници кои се претставници на локални ГО, локална самоуправа, млади и други релевантни чинители. Темата на работилницата треба да опфаќа информации поврзани со „Биодиверзитет, зачувување на автохтони семиња и урбано градинарство **“.**

**Главни задачи:**

- Координација со проектниот тим за прашања кои е потребно да се одговорат за време на спроведување на обуката.
- Фасилитирање на една дводневна работилница во времетраење од 4-5 часа (на ден) во Делчево во време договорено со проектниот тим и согласно планот на проектот и подготвената покана и агенда до учесниците.
- Подготвени материјали за учесници и презентации
- Спроведување евалуација за учесниците на крајот од обуката.
- Изготвување на извештај за обуката во рок од 5 дена од завршувањето.
- Комуникација со проектниот тим за спроведување на обуката и за логистички прашања. Логистичката поддршка за спроведување на обуката ќе биде обезбедена од проектниот тим.

**Критериуми за избор на експертот:**

- Да има искуство во работа со фасилитирање на работни групи
- Да доаѓа од сектор кој е поврзан со екологија, животна средина, аземјоделие или рурален развој.
- Да има напредни познавања на методологии за проценка на потреби
- Да има напредни вештини за фасилитирање и комуникација
- Да има познавања од стратешко планирање
- Да го познава граѓанскиот сектор во државата
- Да му бидат познати документите и регулативите на национално, регионално и локално ниво поврзани со темата.

РЦЗ ДЕЛЧЕВО

**Очекувани резултати:**

- Спроведена дводневна обука
- Подготвени материјали за учесници на обука
- 1 Извештај за спроведена обука кој ќе вклучува резултати од спроведена евалуација на учесници

**Предвиден хонорар:** Бруто износ од 320 евра во денарска противвредност за целиот ангажман. Транспортот и сместувањето е обезбедно од страна на организаторот.

**Рок:**

Работилницата треба да биде спроведена до крајот на месец август 2025 година. Извештајот од работилницата, треба да биде доставен до проектниот тим најдоцна до 5 септември 2023 година.

**Процес на избирање:**

Заинтересираните кандидати треба да доставaт биографија (CV) по електронска пошта најдоцна до 15.08.2025 година на е-маил: rczdelcevo@gmail.com и во порака да го изразат својот интерес за ангажманот.

За дополнителни информации може да не контактирате на следниот тел: 071 373 193.

Избраниот кандидат ќе биде контактиран за понатамошни детали најдоцна до 16.08.2025 година.

Тони Стоименовски

Претседател

Регионален центар за застапување • Делчево •